# НОВИОТ WINDOWS MOBILE 7, РЕВОЛУЦИЈА КАЈ МОБИЛНИТЕ УРЕДИ

Во моментов "Microsoft" го развива Windows Mobile 7, оперативниот систем за мобилни апликации, што драматично ќе го смени начинот на кој се користат мобилните уреди. Апсолутно е точно дека WM 7 всушност е сериозен обид да се возврати на iPhone, со кого дефинитивно почна новата револуција во развојот на мобилните уреди. Она што го разликува од iPhone, меѓу другото, е препознавањето на движечките гестови, кое за разлика од комплексните и скапи жироскопски системи кај iPhone, овде ги користи веќе постојните можности на интегрираната камера. На тој начин, со различни движења во просторот на уредот (затресување, ротирање, итн.), корисникот ќе може да реализира различни наредби. Екранот ќе изобилува со разновидни егзотични детали, многу блиски до темниот и футуристички изглед на Windows Vista и е дизајниран со цел да се користи со прсти, наместо со stylus, иако и натаму поголемиот дел од уредите ќе се произведуваат со stylus. Media-player е значително подобрен, Internet Explorer овозможува пребарување во картички, со можност за преминување од картичка во картичка со затресување на уредот во посакуваната насока.

Првобитниот план е Windows Mobile 7 да се лансира во 2009 година, што би ѝ оставило доволно простор на верзијата 6.1 да го пробие своето место на пазарот.

SEMOS

